„Што им е на некои луѓе што за време на намазот ги подигаат погледите кон небото?“ – па остро ги предупреди, сè додека не рече: „Или нека престанат, или навистина ќе им биде одземен видот!“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Што им е на некои луѓе што за време на намазот ги подигаат погледите кон небото?“ – па остро ги предупреди, сè додека не рече: „Или нека престанат, или навистина ќе им биде одземен видот!“

[رواه البخاري] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, строго ги предупредил оние што ги подигаат погледите кон небото за време на намазот – било додека доват или во друг момент од молитвата. Во своето предупредување отишол дотаму што ги опоменал и се заканил дека кој го прави тоа може да го изгуби видот ненадејно, без да почувствува – и така да ја изгуби благодатта на гледањето.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10883